Дневник
on-line издание
20.08.2007

# Мајк Зафировски со искуство ќе и' помогне на Македонија




Главна цел на непрофитната и непартиска организација „Македонија 2025" е да им ги пренесеме нашите вештини и знаења на домашните бизнисмени и луѓе што носат важни одлуки во земјата, како и да помогнеме за влез на што повеќе странски инвестиции. Со оваа порака во Македонија пристигна Мајк Зафировски, првиот човек на канадскиот гигант „Нортел" и еден од советниците на американскиот претседател Џорџ Буш. Тој ја предводи делегација успешни бизнисмени од дијаспората.

Македонци, успешни бизнисмени во САД и во Канада, вчера во Охрид, на првиот работен дел од посетата, ги советувале домашните стопанственици како бизнис-плановите да ги трансформираат во јасни стратегии за привлекување инвестиции и за развој на компаниите.

- Создавањето јавен дијалог е од клучна важност за засилување на македонската економија и би сакале да ја искористиме нашата посета за да одредиме каде групата „Македонија 2025" би била најкорисна во забрзување на економскиот развој на земјата - изјави Зафировски.

Делегацијата вчера беше на ручек кај претседателот Бранко Црвенковски во вилата „Билјана" во Охрид, а денеска ќе се сретне со премиерот Никола Груевски во Скопје

**(и.п.)**